ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 21 ДАТА 30.05.2018 ГОДИНА 36

ФФМ

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 21 ДАТА 30.05.2018 г.


## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ТАБЕЛИ ОД ТРЕТИТЕ И ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ ЛИГИ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 25.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Џепчиште: Јонузи И. Ледион, Амети М. Ендрит, Ибраими Џ. Дрилон, Сејди В. Влерон и Мустафи Илдрит, по член 35/1.

- **Склучување на Анекс договор:**

ФК „Шкендија АД„ Тетово и фудбалерот Тодоровски А. Благоја склучија Анекс број 1 на професионалниот договор број 981/2017 со што времетраењето на договор се продолжува за уште 2 години и истиот трае до 14.01.2021 година.

- **Раскин на професионален договор:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Теќја С. Олси го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Теќја С. Олси од Фудбалоскиот клуб „Шкенидија АД„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 29.05.2018 година**

- **Регистација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„Струмица: Николов С. Глигор, Стојанов С. Павел, чл. 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 29.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФОРЦА ВАРДАР„ Скопје: Ѓунеш М. Берк од ФК „Фаст„ Скопје и Соколовски Д. Михаел од ФК „Драчево Јуниор„ од Скопје, по чл. 36/1.

ФК „СМИЉКОВЦИ 2011„ с. Смиљковци: Стојковски Г. Наум, Стојковски Г. Андреј, Ѓорѓиевски З.Бојан, Димовски Д.Матеј, Стојковски И.Марио,Симоновски Д. Марко и Стојковски Г. Петар, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД

**Седница од 28.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЕВРО ФУДБАЛ 2– ВАРДАР„ Охрид: Стојковски М. Стефан, Стојаноски Г. Дамјан Мојсоски А. Тимотеј, Ѓоршески Ѓ. Михаил, Луканов К. Климент, Лошкоски Н. Димитар и Кантароски Г. Јохан, по член 35/1.

ЖФК „БИЉАНИНИ ИЗВОРИ 2010„ Охрид: Вељаноска Г. Софија, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 29.05.2018 година**

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалскиот клуб „Аеродром 2018„ од Скопје со Решението на Центрланиот регистер на Република Макердонија ЕМБС 7280360 од 17.05.2018 година со седиште во Скопје на Булевар „Јане Сандански„ број 9/301. Се задолжува Фудбалскиот клуб „Аеродром 2018„ во рок од 30 дена да достави Решение од Агенциата за млади и спорт за вршење дејност спорт – фудбал.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 12-1273/5
30.05 2018 год.

Комисија за жалби за лиценцирање на ФФМ

Врз основа на член 124 од Статутот на ФФМ а во врска со член 10 и 12 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата за жалби за лиценцирање на ФФМ во состав Владимир Ѓорчески-Претседавач, Наим Шерифи – заменик претседавач и Златко Чубриновски – член, постапувајќи по жалбата изјавена од барателот на лиценца - Друштвото за спорт и спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ Шкупи 1927 АД Скопје, примена на 21.05.2018 година под дел.бр. 12-1273/1, на седницата одржана на ден 29.05.2018 година, ја донесе следното:

# О Д Л У К А

1. Жалбата бр. 12-1273/1 од 21.05.2018 година, против Решение бр. 11-50/9 од 03.05.2018 година на Комисијата за лиценцирање, изјавена од барателот на лиценца Друштвото за спорт и спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ Шкупи 1927 АД Скопје од Скопје **СЕ УСВОЈУВА.**
2. Решението бр. 11-50/9 од 03.05.2018 година донесено од Комисијата за лиценцирање со кое НЕ СЕ ИЗДАВА ЛИЦЕНЦА за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезоната 2018/19 на Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ Шкупи 1927 АД – Скопје, **СЕ ПРЕИНАЧУВА И ГЛАСИ: СЕ ИЗДАВА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезона 2018/2019 на Друштвото за спорт и спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ Шкупи 1927 АД Скопје.
3. Оваа одлука е конечна, изреката на истата да се објави во стручно информативниот листа на ФФМ -МАКФУДАЛ.

**Комисија за жалби за лиценцирање на ФФМ**

Претседател Владимир Ѓорчески

с.р

Доставено до:

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1249/3
22.05 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1249/1 од 17.05.2018 година против Марјан Јончевски, физиотерапевт на ФК Пелистер АД Битола, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите, за што е исклучен од натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ , поведе постапка 17.05.2018 година, по што на 22.05.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. На Марјан Јончевски, физиотерапевт на ФК Пелистер АД Битола на натпреварот одигран во рамки на натпреварот од 35 коло од Прва МФЛ на ден 16.05.2018 година, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите по член 35 од ДП на ФФМ, му се изрекува дисциплинска мерка – **Забрана за вршење на функција физиотерапевт на клубот во траење од 3 (три) месеци.**

2. Казната тече од 17.05.2018 година.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријава од натпреварувачка комисија бр. 15-1249/1 од 17.05.2018 година против Марјан Јончевски, физиотерапевт на ФК Пелистер АД Битола, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите, за што е исклучен од натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ, поведе постапка на 17.05.2018 година.

Пријавениот на ден 19.05.2018 година достави изјава во врска со пријавата во која наведува дека е неоправдано исклучен од натпреварот. Истакнува дека на конкретниот натпревар кој бил од голема важност за двата клуба, после една судиска одлука за дуел на кој играч на домашниот клуб бил повреден реагирал емотивно но не и вулгарно. Се извинува доколку навредил некого со неговата реакција и замолува при одмерување на казната да се земе во предвид фактот што во изминатите години како физиотерапевт на ФК Пелистер и на ФК Работнички, неговото однесување било коректно.

Дисциплинската комисија по разгледување на списите во предметот и тоа: Записник од натпреварот, Изјава од судијата, Изјава од пријавениот и делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 16.05.2018 година одигран е натпреварот од 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје. Во 30-та минута од натпреварот на средишната линија пред 4-от официјален судија бил досуден прекршок за домашната екипа. Додека играта била во прекин, а на гостинскиот играч му се укажувала лекарска помош, физиотерапевтот на домашната екипа, сега пријавениот истрчал од резервната клупа, и крајно неспортски, непристојно и некоректно се обратил прво кон четвртиот судија, а потоа се приближил и до главниот судија на натпреварот и продолжил со вулгарните навреди и закани и кон него. По ваквото однесување физиотерапевтот на домашната екипа бил исклучен од

натпреварот. По завршување на натпреварот отстранетиот физиотерапевт, сега пријавениот бил повторно на теренот за игра и додека судиите се упатувале кон подтрибинскиот простор, пред влезот, продолжил да упатува вулгарни зборови кон главниот судија .

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од член 35 став 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, за кој прекршок е предвидена дисциплинска санкција во член 35 став 1 алинеа 3 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната, ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности на настанот, по што изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Дисциплинска Комисија

Претседавач,

Арбен Борова с.р

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**

ФК Пелистер АД Битола
Маријан Јончевски, преку ФК Пелистер
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1251/3
22.05 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член и Дејан Бошков -член постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1251/1 од 17.05.2018 година против Зоран Лазаров, доктор на ФК Пелистер АД Битола, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите, за што е исклучен од натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ, поведе постапка 17.05.2018 година, по што на 22.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. На Зоран Лазаров, доктор на ФК Пелистер АД Битола на натпреварот одигран во рамки на натпреварот од 35 коло од Прва МФЛ на ден 16.05.2018 година, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите по член 35 од ДП на ФФМ, му се изрекува дисциплинска мерка – **Забрана за вршење на функција доктор на клубот во траење од 3 (три) месеци.**

2. Казната тече од 17.05.2018 година.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријава од натпреварувачка комисија бр. 15-1251/1 од 17.05.2018 година против Зоран Лазаров, доктор на ФК Пелистер АД Битола, поради неспортско и вулгарно однесување кон судиите, за што е исклучен од натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ, поведе постапка на 17.05.2018 година.

Пријавениот на ден 19.05.2018 година достави изјава во врска со пријавата во која наведува дека во моментот кога натпреварот бил исклучен физиотерапевтот на клубот, се доближил до теренот каде линискиот судија го застанал, по што на линискиот судија му кажал дека сака да го праша главниот судија во однос на исклучувањето на физиотерапевтот, по што се доближил до главниот судија и од причина што истиот бил свртен кон него со грб, го фатил за раката и го прашал зошто е исклучен физиотерапевтот. Во изјавата наведува дека судијата веднаш му дал знак да отстапи на што тој мирно и без дофрлување прифатил и седна на клупата, меѓутоа судијата настојувал да излеза од теренот што без приговор го направил. Дополнително истакнува дека реагирал спонтано во насока на заштита на физиотерапевтот, наведува дека во 40 години ангажман како лекар во спортот ова е првпат да биде исклучен. Понатака во изјавата наведува дека станувало збор за мирен натпревар, на кој судијата предизвикал непотребни тензии.

Дисциплинската комисија по разгледување на списите во предметот и тоа: Записник од натпреварот, Изјава од судијата, Изјава од пријавениот и делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 16.05.2018 година одигран е натпреварот од 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје. Во 30-та минута од натпреварот на средишната линија пред 4-от официјален

судија бил досуден прекршок за домашната екипа. Додека играта била во прекин, а на гостинскиот играч му се укажувала лекарска помош, физиотерапевтот на домашната екипа истрчал од резервната клупа, и крајно неспортски, непристојно и некоректно се обратил прво кон четвртиот судија, а потоа се приближил и до главниот судија на натпреварот и продолжил со вулгарните навреди и закани и кон него. По ваквото однесување физиотерапевтот на домашната екипа бил исклучен од натпреварот. По ова во 32 минута од натпреварот додека отстранетиот физиотерпевт го напушал теренот за игра, пред да продолжи играта која била во прекин, лекарот на домашната екипа, сега пријавениот влегол едно метро во теренот за игра, се приближил до главниот судија го фатил за рака и барал објаснување од главниот судија за причините за отстранување на физиотерапевтот,што претставува крајно несоодветен и неспортски начин на однесување. По ова главниот судија го исклучил докторот,кој продолжил неспортски и некоректно да се однесува, и истито во прв момент несакал да го напушти теренот за игра.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од член 35 став 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, за кој прекршок е предвидена дисциплинска санкција во член 35 став 1 алинеа 3 од ДП на ФФМ. Комисијата при одмерување на казната, ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности на настанот, по што изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Дисциплинска Комисија

Претседавач,

Арбен Борова с.р

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

ДН:

ФК Пелистер АД Битола
Зоран Лазаров, преку ФК Пелистер
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801 - 1281/2
22.05 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов-член, Дејан Бошков-член и Сашка Зердеска постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1281/1 од 21.05.2018 година против Де Оливеира Јуниор Антонио Маркос со ИД 135526, фудбалер на ФК Силекс АД Кратово исклучен од натпреварот одигран во рамки на 36 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Академија Пандев АД- ФК Силекс АД одигран на 20.05.2018 година во Турново, поради директен црвен картон, врз основа на член 42 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 22.05.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Де Оливеира Јуниор Антонио Маркос со ИД 135526, фудбалер на ФК Силекс АД Кратово исклучен од натпреварот одигран во рамки на 36 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Академија Пандев АД- ФК Силекс АД одигран на 20.05.2018 година во Турново, поради директен црвен картон, врз основа на член 42 од ДП на ФФМ му **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 5(пет) првенствени/куп натпревари.**

2. Дисциплинската мерка тече од 21.05.2018 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

### Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1281/1 од 21.05.2018 година против Де Оливеира Јуниор Антонио Маркос со ИД 135526, фудбалер на ФК Силекс АД Кратово исклучен од натпреварот одигран во рамки на 36 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Академија Пандев АД- ФК Силекс АД одигран на 20.05.2018 година во Турново, поради директен црвен картон - ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, дополнителен делегатски извештај и ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 20.05.2018 година е одигран натпреварот во натпреварот во рамки на 36 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Академија Пандев АД- ФК Силекс АД. Во 90+2 минута од натпреварот фудбалерот на гостинската екипа со бр. 11 му бил доделен директен црвен картон поради физички напад-удирање на противнички фудбалер во пределот на главата.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека пријавениот сторил прекршок од член 42 од ДП на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 3 од ДП на ФФМ како и сите олеснителни и отежителни околности кои постојат во конкретниот случај а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок, степенот на одговорност на сторителот, побудите од кои е сторен прекршокот, како и поранешното однесување на сторителот, поради што смета дека и со вака изречена казна може да се постигне целта на казнувањето, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Силекс АД Кратово**
**Судиска и натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 1281/2

ФФМ

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов-член, и Сашка Зердеска- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1229/1 од 15.05.2018 година против Ариф Лими – комесар за безбедност на ФК Велазерими 77, поради несовесно вршење на функцијата комесар за безбедност на натпреварот одигран на ден 12.05.2018 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД Гостивар, врз основа на член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ, поведе постапка на ден 17.05.2018, по што на 22.05.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. На Ариф Лими – комесар за безбедност на ФК Велазерими 77на натпреварот одигран во рамки на натпреварот од 26 коло од Втора МФЛ Запад на ден 12.05.2018 година помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД Гостивар, поради , поради несовесно вршење на функцијата комесар за безбедност од член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ, му се изрекува дисциплинска мерка – **Забрана за вршење на функција комесар за безбедност во траење од 3(три) месеци.**

2. Казната тече од 22.05.2018 година.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријава од натпреварувачка комисија бр. 15-1229/1 од 15.05.2018 година против Ариф Лими – комесар за безбедност на ФК Велазерими 77, поради несовесно вршење на функцијата комесар за безбедност на натпреварот одигран на ден 12.05.2018 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД Гостивар, врз основа на член 85 став 1 алинеа 8 од ДП на ФФМ, поведе постапка на ден 17.05.2018.

Пријавениот не достави изјава во врска со настанот.

Дисциплинската комисија по разгледување на списите во предметот и тоа: Записник од натпреварот и делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 12.05.2018 година одигран е натпреварот од 26 коло од Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД Гостивар. Пред почеток на натпреварот одржан е состанок помеѓу делегатот на натпреварот, претставници на двата клуба, комесарот за безбедност на клубот домаќин и претставник од МВР. На состанокот бил договорен начинот на соработка во насока на одигрување на фер и коректен натпревар. По завршување на натпреварот делегатот заедно со судиската четворка се упатиле кон соблекувалните. Додека делегатот на натпреварот и комет администраторот на клубот домаќин, во присуство на вториот помошен судија, лице присутно во ходникот го удрил во левата подлактица вториот помошен судија. Во ходникот биле присутни сите службени лица на клубот домаќин и истите се заканувале и неспортски се однесувале кон судиите на натпреварот. Во ваква ситуација судиите не

биле во можност, односно немале услови да ги напуштат соблекувалните ни по изминување на еден час по завршување на натпреварот. Комесарот за безбедност на клубот домаќин кој бил присутен во ходникот заедно со останатите службени лица на клубот, не превземал активности иако тоа било побарано од него и од делегатот на натпреварот, за смирување на ситуација и создавање на услови за судиите безбедно да ја напуштат соблекувалната.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, за кој прекршок е предвидена дисциплинска санкција во член 35 став 1 алинеа 3 од ДП на ФФМ, како и сторен прекршок од член 85 став 1 алинеа 8, казнив согласно став 2 алинеа 3 од истиот член. Комисијата при одмерување на казната, ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности на настанот, како и претходното однесување на пријавениот, по што изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.

**ДН:**
ФК Велазерими 77
Ариф Лими, преку ФК Велазерими 77
Комисија за натпревари;
Судиска комисија ;
АРХИВА НА ФФМ;

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИСЕЛА ВОДА

НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2017/2018

## ТАБЕЛА
## ПО ОДИГРАНО 10 КОЛО (КОНЕЧНА ТАБЕЛА)

| Мес-то | КЛУБ | Одигр. натпр.. | По-беди | Не-реш. | По-рази | Пост гол. | При. гол. | Гол разл | Бо-дови | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **01** | Текстилец | 10 | 8 | 2 | 0 | 43 | 14 | 29 | **26** | |
| 02 | Победа | 10 | 6 | 2 | 2 | 25 | 13 | 12 | **20** | |
| 03 | Ново Лисиче | 10 | 4 | 3 | 3 | 27 | 24 | 3 | **15** | |
| 04 | Славија | 10 | 3 | 1 | 6 | 24 | 31 | -7 | **10** | |
| 05 | Вардар 75 | 10 | 2 | 1 | 7 | 17 | 29 | -12 | **7** | |
| 06 | ССК Младинец | 10 | 2 | 1 | 7 | 16 | 41 | -25 | **7** | |
| | Вкупно : | 60 | 25 | 10 | 25 | 152 | 152 | | | |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИСЕЛА ВОДА 6 ФФМ

КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРИ

Мурат Володер

# Табела

NO IMAGE AVAILABLE

*Организација: (17) Општински Фудбалски Сојуз ГАЗИ БАБА*
*Натпреварување: (1045953) Трета лига СЕВЕР 17/18 - 2017/2018*

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК Гоблен Јуниор (-1) | 24 | 17 | 3 | 4 | 75 | 38 | +37 | 53 |
| 2. | ФК КАДИНО | 24 | 12 | 6 | 6 | 46 | 30 | +16 | 42 |
| 3. | ФК БЕСА-ВЛАЗРИМИ | 24 | 13 | 1 | 10 | 49 | 45 | +4 | 40 |
| 4. | ФК МАЏАРИ-СОЛИДАРНОСТ 92 | 24 | 11 | 5 | 8 | 43 | 36 | +7 | 38 |
| 5. | ФК ФОРТУНА | 24 | 12 | 2 | 10 | 54 | 53 | +1 | 38 |
| 6. | ФК ССК НОВА | 24 | 10 | 4 | 10 | 38 | 35 | +3 | 34 |
| 7. | ФК БРАТСТВО ВЛАЗНИМИ | 24 | 10 | 4 | 10 | 42 | 41 | +1 | 34 |
| 8. | ФК ИЛИНДЕН | 24 | 10 | 4 | 10 | 52 | 51 | +1 | 34 |
| 9. | ФК ПЕТРОВЕЦ | 24 | 11 | 1 | 12 | 43 | 54 | -11 | 34 |
| 10. | ФК СТУДЕНА ВОДА | 24 | 10 | 3 | 11 | 42 | 40 | +2 | 33 |
| 11. | ФК ВОЛКОВО 1964 | 24 | 10 | 2 | 12 | 47 | 45 | +2 | 32 |
| 12. | ФК ЧАИР А.М (-3) | 24 | 5 | 4 | 15 | 20 | 45 | -25 | 16 |
| 13. | ФК ЦЕМЕНТАРНИЦА 55 (-3) | 24 | 4 | 3 | 17 | 27 | 65 | -38 | 12 |
| 14. | Слободен | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ОФС ГАЗИ БАБА - ТРЕТА ЛИГА СЕВЕР
ФФМ

Поз.: Позиција
ПОС: Постигнати голови
**ОН:** Одиграни натпревари
**ПРИ:** Примени голови
**Поб:** Победи
**ГР:** Гол разлика
**Н:** Нерешено
**БОД:** Бодови
**Пор:** Порази

# Табела

NO IMAGE AVAILABLE

*Организација: (17) Општински Фудбалски Сојуз ГАЗИ БАБА*
*Натпреварување: (1103020) Општинска фудбалска лига ГАЗИ БАБА 17/18 - 2017/2018*

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК МАРИНО 2012 | 14 | 11 | 2 | 1 | 36 | 14 | +22 | 35 |
| 2. | ФК РАШТАК | 14 | 10 | 1 | 3 | 48 | 22 | +26 | 31 |
| 3. | ФК ДОЛНО КОЊАРИ | 14 | 7 | 3 | 4 | 39 | 25 | +14 | 24 |
| 4. | ФК РЖАНИЧИНО | 14 | 7 | 0 | 7 | 34 | 30 | +4 | 21 |
| 5. | „ИНЏИКОВО„-с.Инџиково | 14 | 6 | 2 | 6 | 21 | 24 | -3 | 20 |
| 6. | ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР | 14 | 5 | 1 | 8 | 34 | 37 | -3 | 16 |
| 7. | ФК ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 14 | 2 | 3 | 9 | 22 | 46 | -24 | 9 |
| 8. | ФК СМИЉКОВЦИ 2011 | 14 | 1 | 2 | 11 | 10 | 46 | -36 | 5 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-ГАЗИ БАБА ФФМ 4

**Поз.:** Позиција
**ПОС:** Постигнати голови
**ОН:** Одиграни натпревари
**ПРИ:** Примени голови
**Поб:** Победи
**ГР:** Гол разлика
**Н:** Нерешено
**БОД:** Бодови
**Пор:** Порази

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ**
**Првенство 2017/2018**

**Т А Б Е Л А**
(конечна табела)

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ГЛИШИЌ | 10 | 7 | 1 | 2 | 32:24 | 22 |
| 2. | ЉУБАШ | 10 | 6 | 0 | 4 | 33:21 | 18 |
| 3. | СОП. ПОЛЕ | 10 | 5 | 1 | 4 | 31:21 | 16 |
| 4. | СИРКОВО | 10 | 4 | 0 | 6 | 18:22 | 12 |
| 5. | ЕДИНСТВО | 10 | 3 | 1 | 6 | 22:36 | 10 |
| 6. | ДРЕНОВО | 10 | 2 | 3 | 5 | 13:25 | 9 |

Првото место во Општинската фудбалска лига Кавадарци во натпреварувачката 2017/2018 година го освои екипата на ФК „Глишиќ„ од с. Глишиќ и се стекна со право да се натпреварува во Третата фудбалска лига - „Централен регион„ во натпреварувачката 2018/2019 година.

**ОФС КАВАДАРЦИ**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**